ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 25 ДАТА 26.06.2019 ГОДИНА 37

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

МАКФУДБАЛ
БРОЈ 25 ДАТА 26.06.2019 г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД МЛАДИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОФ ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 25.06.2019 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ФОРТУНА 2009„ н. Ченто, Скопје: Сулејмани А. Мурат, Демири Д. Бесворт, Демири Д. Ајан, Гаши Ф. Јусуф, Гаши А. Вецби, Мамути А. Ермаљ и Алии Ф. Енвер, по член 35/1.

- **Регистрации кои не се објавуаат:**

Не се објавува договорот за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал склучен помеѓу ФК „Работнички АД„ од Скопје и фудбалерот Пановски Т. Борјан, бидејќи нема М1 и М2 во времетраење од 3 години.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КРАТОВО

**Седница од 25.06.2019 годна**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „СИЛЕКС АД„ Кратово: Трајковски Б. Горн од ФК „Плачковица„ Радовиш и Костовски М. Кристијан од ФК „Македонија ЃП 1932 АД„ Скопје, по чл. 35/3.

- **Склучување на професионални договори:**

ФК „Силекс АД„ Кратово и фудбалерот Ефремов А. Андреја склучија договор за ваботување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал, во времетраење од 2 (две) годни до Летен преоден рок 2021 година.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува договорот за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал склучен помеѓу ФК „Силекс АД„ од Кратово и фудбалерот Денис Б. Ристов во времетраењње од 1 година, поради немање на одобрение за престој од Министерството за внатрешни работи.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

**Дополнување на документција од**
**Седница од 18.06.2019 година**
**за ОФС Тетово**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ШКЕНДИЈА АД„ Тетово: Незири З. Меџит од ФК „Венспиле„ Латвија, чл. 35/11.

- **Склучување на професионален договор:**

ФК „Шкендија АД„ од Тетово и фудбалерот Незири Меџит склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 2 (две) години до ЛПР 2021 година.

**Седница од 24.06.2019 година**
**за ОФС Тетово**

- **Раскин на професионални договори:**

ФК „Ренова АД„ од с. Џепчиште и фудбалерите Мустафов Д. Бурхан со Ид. број 102171 и Адем Е. Еремедин со Ид.број 100667, ги раскинаа договорите за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудблери при ОФС Тетово фудбалерите: Мбела А. Емануел од ФК „Ренова АД„ од с. Џепчиште и Најдовски З. Леон од ФК „Тетекс АД„ Тетово, поради преминување со регистрација во друг ОФС.

Фудбалска Федерација на Македонија

Број: 16-1116/1-2.3-1: Пионери-Регионална лига

Датум : 31.05. 2019 година

Врз основа на член 35 од Пропозиции за млади категори, Младинската комисија на ФФМ постапувајќи по службена должност , за натпреварот помеѓу ФК Партизан од Обршани - ФК Детонит Јуниор од Радовиш во Пионери конкуренција кој требаше да се одигра на ден 26.05.2019 година согласно член 80 од Правилникот за натпревари на ФФМ на седницата одржана на ден 31.05.2019 донесе:

# *ОДЛУКА*

1. Натпреварот ФК Партизан од Обршани - ФК Детонит Јуниор од Радовиш во Пионери Регионална Лига се регистрира со службен резултат 3-0 за екипата на ФК Детонит Јуниор од Радовиш по службена должност за не одигрување на натпревар.
2. ФК Партизан од Обршани се предава на дисциплинска постапка.
3. Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави на службеното гласило на ФФМ-Мак Фудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Младинската комисија на ФФМ по службена должност го регистрира првенствениот натпревар од **22** коло помеѓу ФК Партизан од Обршани - ФК Детонит Јуниор од Радовиш во Пионери конкуренција со службен резултат **3-0** за ФК Детонит Јуниор од Радовиш кој требаше да се одигра на ден 26.05.2019 година, во Обршани. По разгледување на целокупната документација и записникот од натпреварот се гледа дека екипата на ФК Партизан од Обршани не го оправдала своето непојавување на терен за да го одиграат натпреварот.

При ваква утврдена фактичка состојба и со примена на одредбитена Правилникот за натпревари на ФФМ донесена е одлука како во диспозитивот.

**Поука:** Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од денот на приемот на ова одлука преку овој орган до комисијата за жалби со уплата на такса од 12,000,00 ден, на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на такса.

**Доставено до**
- ФК Партизан од Обршани
- ФК Детонит Јуниор од Радовиш
- Мак Фудбал
- Архива

**Фудбалска Федерација на Македонија**
Претседавач на Младинска Комисија
Арѓенд Беќири с.р.

Фудбалска Федерација на Македонија

Број: 16-1116/1-2.3-2: Помлади Пионери-Регионална лига

Датум : 31.05. 2019 година

Врз основа на член 35 од Пропозиции за млади категори, Младинската комисија на ФФМ постапувајќи по службена должност , за натпреварот помеѓу ФК Партизан од Обршани - ФК Детонит Јуниор од Радовиш во Помлади Пионери конкуренција кој требаше да се одигра на ден 26.05.2019 година согласно член 80 од Правилникот за натпревари на ФФМ на седницата одржана на ден 31.05.2019 донесе:

# *ОДЛУКА*

1. Натпреварот ФК Партизан од Обршани - ФК Детонит Јуниор од Радовиш во во Помлади Пионери Регионална Лига се регистрира со службен резултат 3-0 за екипата на ФК Детонит Јуниор од Радовиш по службена должност за не одигрување на натпревар.
2. ФК Партизан од Обршани се предава на дисциплинска постапка.
3. Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави на службеното гласило на ФФМ-Мак Фудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Младинската комисија на ФФМ по службена должност го регистрира првенствениот натпревар од **22** коло помеѓу ФК Партизан од Обршани - ФК Детонит Јуниор од Радовиш во Помлади Пионери конкуренција со службен резултат **3-0** за ФК Детонит Јуниор од Радовиш кој требаше да се одигра на ден 26.05.2019 година, во Обршани. По разгледување на целокупната документација и записникот од натпреварот се гледа дека екипата на ФК Партизан од Обршани не го оправдала своето непојавување на терен за да го одиграат натпреварот.

При ваква утврдена фактичка состојба и со примена на одредбитена Правилникот за натпревари на ФФМ донесена е одлука како во диспозитивот.

**Поука:** Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од денот на приемот на ова одлука преку овој орган до комисијата за жалби со уплата на такса од 12,000,00 ден, на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на такса.

**Доставено до**

- ФК Партизан од Обршани
- ФК Детонит Јуниор од Радовиш
- Мак Фудбал
- Архива

**Фудбалска Федерација на Македонија**
Претседавач на Младинска Комисија
Арѓенд Беќири с.р.

ФФМ

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0801-934/3
13.06 2019 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 и член 138 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:,Арбен Борова – Претседавач,Мартин Саздов–-член, Дејан Бошков- член,,Сашка Зердеска-член,Кармен Цилакова –член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-934/1 од 06.05.2019 година против Ф.К.Брегалница 2008 АД поради слаба организација на натпревар и за користење на пиротехнички средства од страна на нивната навивачка група на натпреварот одигран во рамки на 24 коло Втора МФЛ одигран на ден 04.05.2019 година помеѓу Ф.К..Брегалница2008 АД-Г.Ф.К.Тиквеш 1930 на Градски Стадион во Штип, на седницата одржана, на 13.06.2019 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. **Ф.К.Брегалница 2008 АД СЕ КАЗНУВА** со парична казна во висина од 500(Петсто) Евра, во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА Ф.К.Брегалница 2008 АД**, по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3. Одлуката стапува на сила од денот на донесување.

4. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## Образложение

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-934/1 од 06.05.2019 година против Ф.К.Брегалница 2008 АД поради слаба организација на натпревар и за користење на пиротехнички средства од страна на нивната навивачка група на натпреварот одигран во рамки на 24 коло Втора МФЛ одигран на ден 04.05.2019 година помеѓу Ф.К..Брегалница2008 АД-Г.Ф.К.Тиквеш 1930 на Градски Стадион во Штип,постапувајки по пријавата ги разгледа списите во предметот и тоа: Пријава од Комисијата за натпревари, Записник од натпреварот и Делегатски дополнителен извештај,изјава од клубот,изјава од челн на комисја за безбедност на ФФМ.

Врз основа на списите во предметот, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

За конкретниот натпревар помеѓу Ф.К..Брегалница2008 АД-Г.Ф.К.Тиквеш 1930 одигран во рамки на 24 коло Втора МФЛ на ден 04.05.2019 година на Игралиште Градски Стадион во Штип домашната екипа **Ф.К.Брегалница 2008 АД** немала ангажирано приавтна агенција за обезбедување лица и имот,на натпреварот биле присутни припадници од МВР-СВР-ОВР 25 лица.

Навивачка група Фаланга во текот на натпреварот одигран во рамки на 24 коло Втора МФЛ одигран на ден 04.05.2019 година помеѓу Ф.К..Брегалница2008 АД-Г.Ф.К.Тиквеш 1930 на Градски Стадион во Штип ,неспортски се однесувала во текот на натпреварот и во 1 минута од натпреварот биле запалени димни бомби од страна на домашната навивачка група,со истото однесување продолжиле во 15 и 30 минута од натпреварот во 53 минута исто така запалиле неколку димни бомби од кои една била фрлена во теренот,

но не предизвикале штетни последици на играчите на теренот и на самиот натпревар при што натпреварот продолжил во нормален тек.
Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 51 ст.6 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ.
Комисијата при одмерување на казната ги имаше во предвид сите олеснителни околности,па согласно член 3 од ДП на ФФМ,одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ДН:**

**Ф.К.Брегалница 2008 АД**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Макфудбал**

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-1008/3
13.06 2019 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 и член 138 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:,Арбен Борова – Претседавач,Мартин Саздов–-член, Дејан Бошков- член,,Сашка Зердеска-член, , постапувајки по пријавата на Комисијата за бр.15-1007/1 од 21.05.2019 година против Ф.К.Шкендија АД поради користење на пиротехнички средства (бакли),фрлањена книжни ленти во терен од страна на навивачите на Ф.К.Шкендија АД на натпреварот одигран во рамки на 35 коло Прва МФЛ одигран на ден 19.05.2019 година помеѓу Ф.К.Шкендија АД – Ф.К.Академија Пандев АД на Градски Стадион во Тетово на седницата одржана, на 13.06.2019 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. **Ф.К.Шкендија АД СЕ КАЗНУВА** со парична казна во висина од 1500(Илјада и петсто) Евра, во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА Ф.К.Шкендија АД**, по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3. Одлуката стапува на сила од денот на донесување.

4. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## Образложение

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-1007/1 од 21.05.2019 година против Ф.К.Шкендија АД поради користење на пиротехнички средства (бакли),фрлањена книжни ленти во терен од страна на навивачите на Ф.К.Шкендија АД на натпреварот одигран во рамки на 35 коло Прва МФЛ одигран на ден 19.05.2019 година помеѓу Ф.К.Шкендија АД – Ф.К.Академија Пандев АД на Градски Стадион во Тетово постапувајки по пријавата ги разгледа списите во предметот и тоа: Пријава од Комисијата за натпревари, Записник од натпреварот и Делегатски дополнителен извештај,изјава од клубот,изјава од челн на комисја за безбедност на ФФМ.
Врз основа на списите во предметот, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:
За конкретниот натпревар помеѓу Ф.К.Шкендија АД – Ф.К.Академија Пандев АД -одигран во рамки на 35 коло Прва МФЛ на ден 19.05.2019 година во 16.30 часот на Градски стадион во Тетово, домашната екипа Ф.К.Шкендија АД имала ангажирано приавтна агенција за обезбедување лица и имот Секјуриком М 35 лица,плус 11 клубски редари кои биле распоредени на влезовите на стадионот и на трибинскиот простор ,на натпреварот биле присутни припадници од МВР-СВР-ОВР 80 лица.
Навивачка група Балисти во текот на натпреварот одигран во рамки на 35 коло Прва МФЛ одигран на ден 19.05.2019 година помеѓу Ф.К.Шкендија АД – Ф.К.Академија Пандев АД на Градски Стадион во Тетово, ,неспортски се однесувала во текот на натпреварот и тоа во повеке наврати во 5 минута од натпреварот навивачката група Балисти неспортски се однесувала поради палење на поголема количина на Бакли и фрлање на книжни ленти

во терен настанал прекин на натпреварот во времетраење од 9 минути,исто така на почетокот на второто полувреме биле запалени бакли во поголем број но немало потреба од прекин на играта и не настанале штетни последици врз учесниците во натпреварот.

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдена фактичка состојба ,оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 51 став 1,казнива по став 6 од истиот член на ДП на ФФМ.Комисијата при оцена за направен прекршок и при самото одмерување на казната ги имаше во предвид член 51 став 1 и став 6 од ДП на ФФМ,каде е утврдено "Клубот одговара за однесувањето на своите гледачи(навивачи),функционери,службени лица на клубот,било на свој или на туѓ терен без разлика на превземените мерки за обезбедување".Согласно на горенаведеното недвосмислено прозиглеува одговорнста на клубот за однесувањето на своите навивачиод ДП на ФФМ ,кој што е акт на Фудбалската Федерација на Македонија,во кој се пропишани дисциплинските прекршоци ,видовите на казни,субјектите на дисциплинска одговорност и постапката за казнување .Во таа насока целта на дисциплинското казнување е да се дејствува превентивно и воспитно во духот на спортската етика на сторителите на дисциплинските прекршоци .Комисијата при одмерување на казната согласно член 3 од ДП на ФФМ ,ги зема во предвид сите олеснителни и отежителни околности што постојат во конкретнито случај,одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ДН:**

**Ф.К.Шкендија АД**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Макфудбал**

ФФМ

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ Бр. 0801-1051/2 13.06 2019 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 и член 138 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:,Арбен Борова – Претседавач,Мартин Саздов–-член, Дејан Бошков- член,,Сашка Зердеска-член , ,постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1051/1 од 28.05.2019 година против Ф.К.Вардар АД, поради недолично однесување навреда на национална основа на натпреварот одигран во рамки на 36 коло Прва МФЛ одигран на ден 26.05.2019 година помеѓу Ф.К.Академија Пандев АД - Ф.К.Вардар АД на Градски Стадион Младост во Струмица на седницата одржана ,на 13.06.2019 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. **Ф.К.Вардар АД СЕ КАЗНУВА** со парична казна во висина од 300 (Триста) Евра, во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА Ф.К.Вардар АД** , по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3. Одлуката стапува на сила од денот на донесување.

4. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## Образложение

Дисциплинската Комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1051/1 од 28.05.2019 година против Ф.К.Вардар АД, поради недолично однесување навреда на национална основа на натпреварот одигран во рамки на 36 коло Прва МФЛ одигран на ден 26.05.2019 година помеѓу Ф.К.Академија Пандев АД - Ф.К.Вардар АД на Градски Стадион Младост во Струмица постапувајќи по пријавата ги разгледа списите во предметот и тоа: Пријава од Комисијата за натпревари, Записник од натпреварот и Делегатски дополнителен извештај.

Врз основа на списите во предметот, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба: Навивачка група Комити во текот на натпреварот одигран во рамки на 36 коло Прва МФЛ одигран на ден 26.05.2019 година помеѓу Ф.К.Академија Пандев АД - Ф.К.Вардар АД на Градски Стадион Младост во Струмица ,неспортски се однесувала во текот на натпреварот и тоа во 45 минута од натпреварот извикувала слогани од националистички навредлив карактер,при што биле опоменати преку разглас,и ваквото навивање не се повторило а натпреварот продолжил без никакви проблеми.

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдена фактичка состојба ,оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 36 а вв со член 51 став 1,од ДП на ФФМ.Комисијата при оцена за направен прекршок и при самото одмерување на казната ги имаше во предвид член 51 став 1 од ДП на ФФМ,каде е утврдено "Клубот одговара за однесувањето на своите гледачи(навивачи),функционери,службени лица на клубот,било на свој или на туѓ терен без разлика на превземените мерки за обезбедување".Согласно на горенаведеното недвосмислено прозиглеува одговорнста

на клубот за однесувањето на своите навивачиод ДП на ФФМ ,кој што е акт на Фудбалската Федерација на Македонија,во кој се пропишани дисциплинските прекршоци ,видовите на казни,субјектите на дисциплинска одговорност и постапката за казнување .Во таа насока целта на дисциплинското казнување е да се дејствува превентивно и воспитно во духот на спортската етика на сторителите на дисциплинските прекршоци .Комисијата при одмерување на казната согласно член 3 од ДП на ФФМ ,ги зема во предвид сите олеснителни и отежителни околности што постојат во конкретнито случај,одлучи како во диспозитивот

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ДН:**

**Ф.К.ВардарАД**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Макфудбал**

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**